**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.08-369**
**24.11.2023 година**
**Скопје**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Известување за престанување со емитување на телевизиска програма од Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, наш арх.бр.08-4257/1 од 15.11.2023 г., Изјава од Ангелче Здравкин - управител и единствен основач/сопственик на радиодифузерот ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес - заверена на нотар УЗП бр.4663/2023 од 20.11.2023 г. (наш арх.бр.08-4257/2 од 20.11.2023 г.) и Заклучокот арх.бр.02-4325/12 од 23.11.2023 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 38-та седница одржана на 23.11.2023 година, донесе

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

## Образложение

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, е имател на дозвола за телевизиско емитување Уп1 бр.08-50 од 05.01.2015 г., продолжена за 3 години (од 05 јануари 2024 г. до 04 јануари 2027 г.), со Одлука Уп1 бр.08-258 од 15.08.2023 г., за емитување преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на локално ниво (Општина Велес, Општина Чашка и Општина Градско), телевизиски програмски сервис со општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на македонски јазик.

На 15.11.2023 г. ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, по електронски пат, на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) достави Известување, наш арх.бр.08-4257/1 од 15.11.2023 г., дека поради економска неоправданост, ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, престанува со емитување на телевизиска програма. Во врска со цитираното Известување, Агенцијата на 17.11.2023 година, на официјалната електронска адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во Централниот регистар на РСМ, која електронска адреса е евидентирана во регистарот на радиодифузери на Агенцијата, по електронски пат го извести

наведениот радиодифузер дека согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) потребно е да достави изјава заверена на нотар дадена од страна на управителот, кој е и единствен основач/сопственик на радиодифузерот Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, во која задолжително треба да биде наведено дека радиодифузерот ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес престанува со емитување на телевизиска програма, со наведување на точен датум на престанок со емитување на телевизиска програма.

На 20.11.2023 г. по електронски пат, на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата од ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, беше доставена Изјава дадена од страна на Ангелче Здравкин во својство на управител и единствен основач/сопственик на радиодифузерот ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес (заверена на нотар) УЗП бр.4663/2023 од 20.11.2023 г. (наш арх.бр.08-4257/2 од 20.11.2023 г.), со која изјавува дека ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес од 22.11.2023 г. ќе престане со емитување на телевизиска програма. Наведениот радиодифузер нема долг кон Агенцијата.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, како и дадената Изјава од Ангелче Здравкин - управител и единствен основач/сопственик на радиодифузерот ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес (заверена на нотар) УЗП бр.4663/2023 од 20.11.2023 г., исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, Изјавата од Ангелче Здравкин - управител и единствен основач/сопственик на радиодифузерот ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес (заверена на нотар) УЗП бр.4663/2023 од 20.11.2023 г. (наш арх.бр.08-4257/2 од 20.11.2023 г.), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 г. и Заклучокот арх.бр.02-4325/12 од 23.11.2023 година, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1;
- ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес;
- Управителот на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.